МАКЕДОНИЈА

Светскиот ден на слободата на медиумите четврти пат одбележан со крводарителска акција

Објавено пред **4 месеци** - **29 април, 2026**
Од **С В**

Со порака дека солидарноста е основа на новинарството како професија која се базира на заштита на јавниот интерес Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)

за дарување крв на Црвен крст на град Скопје (ДХО Даре Џамбаз), како и во Клиничките центри во Охрид, Струмица и Битола.

Со оваа хумана акција ССНМ и ЗНМ се приклучија на глобалното одбележување на Светскиот ден на слободата на медиумите, како и на активностите на Меѓународната федерација на новинари кои продолжуваат следната недела со организација на одбележување на 100-годишнината од формирањето на оваа глобална новинарска организација.

Тамара Грнчароска, членка на Извршниот одбор на ССНМ во своето обраќање рече дека новинарството се соочува со сериозни предизвици, и порача дека овој ден треба да не потсетува дека „слободните медиуми се столб на демократијата, а хуманите луѓе меѓу кои и новинарите се столб на секое општество“.

„3 мај, Светскиот ден на слобода на медиуми не е одбележување само на едно од основните демократски права врз кои се гради секое слободно и праведно општество – слободата на јавната мисла, слободата на медиумите, туку е ден кога покажуваме дека новиинарството е одговорна професија. Тоа е служба во интерес на граѓаните, за доброто на заедницата“, додаде Грнчароска.

Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски во пресрет на извештајот за слобода на медиуми на

постојано да се брани и унапредува", а солидарноста е еден од значајните делови на таа борба.

порака – дека сме тука едни за други, дека солидарноста не е само збор, туку вредност што ја живееме“, рече Чадиковски.

Александра Ристовски од Црвениот крст на Град Скопје се заблагодари од името на нејзината организација за иницијативата.

„Тоа што вие го правите е навистина многу важно за нашата работа, важни се ваквите иницијативи бидејќи вие всушност организирате еден начин на спасување живот и сте дел од хуманитарната мисија на Црвениот крст“, рече Ристовски.

Post

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ССНМ

ПРЕТХОДНО
Филков: СДСМ свесно ги блокира реформите во изборното законодавство

СЛЕДНО
Мицкоски: СДСМ лажеа дека ќе банкротираме, но Владата точно знае што прави

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

ССНМ: Новинарите мора да имаат пристап до информации

ССНМ и ЗНМ со крводарителска акција за 3 мај, Светскиот ден на слободата на медиумите

Песимизмот расте во Германија: Потрошувачите сè позагрижени за приходите и економијата

Copyright © 2026 - Member of IAB Macedonia
Member of Clip Media Group